**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-3291/3

Скопје 26.07. 2016г.

**До:**
ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип

За:
Горан Гаврилов, Управител

Предмет: Делумен одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето барање, за пристап до информации од јавен карактер бр. 0302-221 од 23.06.2016 година, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 28.06.2016 година, заверено со наш архивски бр.12-3291/1, Ви ги доставуваме информациите (одговорите) од јавен карактер со кои Агенцијата располага како имател на информации од јавен карактер согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14 и 148/15), и тоа:

**1. Колкав е приходот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од Дозволи за радиодифузери и телевизии?**

За висината на приходите кои ќе бидат остварени по основ на дозволи за телевизиско или радио емитување Агенцијата ќе има податок на крајот на фискалната 2016 година.

**2. Дали овој приход е зголемен во 2016 година за разлика од изминатите години, 2014 и 2015 година?**

- Приходот од фактурирани дозволи за вршење на телевизиско и радио емитување во 2014 година изнесува 38.260.017,00 денари;
- Приходот од фактурирани дозволи за вршење на телевизиско и радио емитување во 2015 година изнесува 39.126.293,00 денари.

**3. Колкав е бројот на нови дозволи издадени од страна на Агенцијата во 2016 година, а колкав во 2015 година?**

Во 2015 година, од страна на Агенцијата доделени се 12 (дванаесет) дозволи, за телевизиско емитување, без објавување на јавен конкурс.

Во 2016 година, од страна на Агенцијата доделени се 4 (четири) дозволи, и тоа:

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

- 3 (три) дозволи за телевизиско емитување без објавување на јавен конкурс, и
- 1 (една) дозвола за радио емитување по пат на јавен конкурс.

**4. Колкави се финансиските трошоци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за ангажирање на вработени преку Агенција за привремено вработување?**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година за ангажирање на вработени преку Агенција за привремено вработување заклучно со 30.06.2016 година потроши 972.632,00 денари. Од нив 335.614,00 денари се потрошени од сопствени средства на Агенцијата за ангажирање на 3 (три) лица за „Истражувања на третманот на родовите прашања и на прикажувањето и претставувањето на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите во 2016 година" и 1 (едно) лице домар, додека износот од 637.018,00 се обезбедени од Буџетот на Република Македонија и се однесува за ангажирање на 73 (седумдесет и три) лица кои беа ангажирани за мониторинг на програмските сервиси на радиодифузерите и електронските медиуми за предвремените парламентарни избори во 2016 година.

**5. Со која Агенција за привремено вработување Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги соработува?**

Агенцијата по спроведената јавна набавка, има склучено договор за јавна набавка на услуга со Агенцијата за привремени вработувања КОНТАКТ БИЗНИС Скопје.

**6. Колкав е бројот на вработени во 2016 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, споредбено со 2014 и 2015 година?**

- Бројот на вработени во Агенцијата на 01.01.2014 година изнесува 59 (педесет и девет) вработени;
- Бројот на вработени во Агенцијата на 01.01.2015 година изнесува 47 (четириесет и седум) вработени и
- Бројот на вработени во Агенцијата на 01.01.2016 година изнесува 50 (педесет) вработени.

**7. Кои се обврските на кабелските оператори и колку ќе чини донесувањето на сигналот до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги?**

Согласно член 144 ставови (3) и (4) од ЗААВМУ Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје. Локациите за прибирање на сигнали од ставот се утврдени со *Правилникот за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорачаат својот сигнал.*

Донесувањето на сигналот до утврдените локации е обврска на операторите и Агенцијата нема податок за висината на поединечните трошоци, додека пак, донесувањето на сигналот од локациите до седиштето на Агенцијата чини 3.195.012,00 денари.

**8. Каков вид на опрема или услуга ќе обезбеди Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за кабелските оператори да го дистрибуираат сигналот до Скопје?**

Операторите на јавна електронска комуникациска мрежа својот сигнал го доставуваат до локациите на собирните точки кои се предвидени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а утврдени со посебен правилник на Агенцијата. Од собирните точки до седиштето на Агенцијата во Скопје, сигналот се пренесува со опрема која е обезбедена од ИПА проект, која е со капацитет да ги исполни потребите на Агенцијата. Линковниот дел е обезбеден преку спроведена постапка за јавна набавка, која е дел од финансискиот план и годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**10. Дали имате набавено нова опрема за мониторинг на медиумите, и од што се состои таа опрема?**

За обезбедување опрема на мониторинг на медиумските содржини што го врши Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше обезбедена помош преку Инструментот за претпристапна помош – ИПА на Европската комисија 2011, EuropeAid/136311/IH/SUP/MK, во износ од 839,608.00 €, од кои 25% односно 209,902 € се обезбедуваат со кофинансирање од буџетот на Агенцијата.

Предмет на договорот е набавка и ставање во функција на систем кој ќе овозможи прием на сигнали на радиодифузерите кои имаат дозвола за вршење радиодифузна дејност на територијата на Република Македонија, како и сигналите на сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи во Република Македонија.

Сигналите од осумте далечински собирни точки ќе бидат транскодирани и сегментирани за да го олеснат трансферот до централната собирна точка која ќе биде сместена во Скопје (во седиштето на Агенцијата).

Опремата за систем за мониторинг на медиумските содржини ќе обезбеди:

- Континуирано 24-часовно снимање на емитуваната програма на радио и телевизиските програмски сервиси за кои Агенцијата издала дозволи и
- Снимки во времетраење од најмалку 90 секунди за секој програмски сервис, кој е реемитуван преку мрежата на ОЈКМ најмалку четири пати во текот на еден ден (24 часа) што е доволно за идентификација на логото на програмскиот сервис (надзор врз почитувањето на авторските и сродни права).

Подетални информации за опремата можете да најдете на официјалниот сајт на Министерството за Финансии – Централно финансирање и склучување договори: http://cfcd.finance.gov.mk/?page_id=11.

**11. Дали имате сопствена инвестиција за набавената опрема за мониторинг или опремата е набавена преку проект-грант наменет за ова, и колку чини?**

Одговорот е опфатен со одговорот кон прашањето под број 10.

**12. Што се случува и каде се наоѓа опремата што ја набави г. Зоран Стефаноски за мониторинг на медиумите, и во што се состои таа опрема?**

Опрема како впрочем и сите останати стоки и услуги, набавува институцијата, а не одредено лице. Опремата набавена во 2009 година, во моментот се користи и ќе

продолжи и понатаму да се користи за извршување на законските обврски на Агенцијата, а е составена од систем за прием (професионални ресивери – extron), сервери за снимање и видео обработка (video loger) и систем за складирање и архивирање на содржините емитувани во рамките програмските сервиси на радиодифузерите (storage).

**13. Дали имате можност да го мониторирате вкупниот етер во Република Македонија на сите нивоа?**

Агенцијата има можност да врши секојдневен пристап до програмата на: радио програмските сервиси на државно и регионално ниво; телевизиските програмски сервиси на државно ниво што емитуваат програма терестријално, преку кабел и преку сателит; регионалните програмски сервиси што емитуваат програма преку дигитален терестријален мултиплекс и регионалните ТВ сервиси што емитуваат програма преку кабел во регионот Д1, а има можност да се мониторира и кој било радиодифузер, врз основа на снимка којашто радиодифузерот е должен да ја достави по барање на Агенцијата. Со новата опрема ќе се зголеми опфатот на мониторинг на содржините кои се емитувани на програмските сервиси на радиодифузерите.

**14. Дали ја ангажиравте Агенцијата за електронски комуникации за мониторинг на медиумите?**

Не. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги постапува само врз основа на сопствен надзор.

**15. Дали имате свој буџет за мониторирање на медиумите за време на изборната кампања?**

Согласно член 76-г од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16) средствата за мониторирање на медиумите за време на изборната кампања се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

**16. Дали ќе побарате дополнителен буџет од Владата на Република Македонија?**

Не.

**17. Дали по распишување на конкурс за радио, каде што Дозволата ја доби Радио Слободна Македонија од Скопје, имавте информација и дали знаевте дали постои слободен спектар за радио линковски фреквенции?**

Еден од предусловите за објавување конкурс е да се утврди дали има слободни радиофреквенции. Конкурсот е распишан по добиена информација од Агенцијата за електронски комуникации дека има слободни фреквенции.

**18. Дали имате таков документ од АЕК?**

Да.

**23. Колкава штета е направена на новата зграда од протестите на шарената револуција.**

Направено е вештачење од Бирото за судски вештачења - Скопје. Конечната сума ќе се знае по отстранување на штетата.

**24. Дали Вие лично ја покривте штетата односно Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги?**

Сторената штета ќе биде покриена од страна на осигурителната компанија каде што е осигуран објектот.

**25. Согласно Законот за јавни собири дали поднесовте прекршочна пријава за организаторот и барање за изрекување глоба на организаторот во МВР?**

Агенцијата не е надлежен орган да поднесе прекршочна пријава. Во двата наврати кога беше сторена штета на зградата во која е сместено нејзиното седиште, Агенцијата пријави во МВР.

**30. Зошто распишавте повторно тендер за истражување на пазарот за потреба за Телевизија и колку чини тендерот?**

На 15-тата седница одржана на 06.04.2016 година, Советот на Агенцијата ја разгледуваше Информацијата за доставено Барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, со којашто директорот на Агенцијата ги извести членовите на Советот дека е потребно да донесат заклучок дека наодите од претходната Студија ќе се сметаат за релевантни и за ова барање (со оглед на тоа дека временскиот период од кога таа е изработена е релативно краток и дека не се случија значајни промени на медиумскиот пазар), или пак да донесат заклучок дека е потребно да се изработи нова студија за оправданоста за објавување јавен конкурс.

Советот заклучи дека е потребно да се изработи нова студија. Записникот од оваа седница е достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: http://avmu.mk/images/Zapisnik_od_15-ta_sednica.pdf

По завршувањето на електронската аукција, најниската понудена цена за изработка на Студијата, изнесува 152.400,00 денари. По истекот на роковите утврдени во Законот за јавни набавки, Агенцијата склучи договор со овој понудувач.

**31. Зошто не го искористите претходното истражување од пред неколку месеци бидејќи е за истата намена?**

Одговорот на ова прашање е содржан во одговорот на претходното прашање.

**32. Какви резултати очекувате од новото истражување?**

Согласно утврденото во членот 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Студијата треба да ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целите на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката.

**33. Која е висината на кредитот кој го земал Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од која банка е истиот за изградба на новата зграда на Агенцијата?**

Висината на кредитот е 40.000.000,00 денари и за истиот е склучен Договор со Комерцијална банка АД Скопје.

**34. На колку години е земен кредитот и дали истиот се враќа редовно? Дали пак е предвремено отплатен кредитот?**

Времетраењето на Договорот за кредит е 6 (шест) години и истиот се исплаќа редовно согласно амортизациониот план. Агенцијата изврши предвремена отплата на дел од кредитот, што е во согласност со одобрениот финансиски план за 2016 година.

**35. Дали ги употребивте за финансирање на зградата заштедените пари од дозволите и другите приходи кој ги имавте во Комерцијална банка?**

Да.

**36. Која е висината на заштедата која ја имавте до сега и каква камата добивте од тоа?**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема депозити во деловни банки.

**37. Дали продолжувате со истата пракса да вишокот на средства ги ставате како заштеда во Комерцијална банка?**

Одговорот на ова прашање е содржан во одговорот на прашањето бр.36.

**38. Дали сте инвестирале пари во услуги, опрема во радиодифизната дејност во последните години, и колку тоа ја чинело Агенцијата?**

За потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, набавен е систем за снимање и мониторинг на програмските сервиси на радиодифузерите. Инвестирањето, односно трошењето на пари може да се види од финансиските извештаи на Агенцијата, кои се објавени на веб страната на Агенцијата www.avmu.mk.

**39. Дали имате намера да ја намалите цената на дозволата за радиодифузерите?**

Надлежен орган за утврдување на цената на дозволите е Собранието на Република Македонија.

**40. Колкав е приходот од кабелските оператори на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги?**

Согласно член 142, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Агенцијата остварува приходи од надзор за реемитување на програмски сервиси и од даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање. По овој основ во 2016 година е остварен приход од 8.000.000,00 денари.

**41. Колку регионални и локални телевизии ги откажаа услугите на ОНЕ за користење на дигитален мултиплекс?**

Вкупно десет регионални телевизии, чии програмски сервиси се емитуваа преку дигитален терестријален мултиплекс, започнаа да се емитуваат преку јавна електронска комуникациска мрежа.

Програмските сервиси на локалните телевизии никогаш не се емитуваа преку дигитален терестријален мултиплекс.

**42. Колку од нив се префрлија на јавна комуникациска мрежа за пренос преку кабел?**

Одговорот на ова прашање е содржан во одговорот на претходното прашање.

**43. Колку од нив никаде не се приклучија, односно ја изгубија или ја вратија лиценцата?**

Во периодот од замената на дозволите за радиодидфузна дејност со нови дозволи за телевизиско емитување (декември 2014 година) до сега, беа одземени или престанаа да важат по сила на закон дозволите на вкупно три регионални телевизии ТВ Скајнет и ТВ БТР од Скопје и ТВ Чеграни од с.Чегране.

**44. Дали сметате дека дигитализацијата е успешна?**

Да.

**45. Кога ќе се отвара документацијата за конкурсот за радио во општина Карбинци?**

Член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Во рокот за поднесување пријави – 30.03.2016 година, по објавениот јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Карбинци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не беше примена ниту една пријава, со што беше констатирано дека предметниот јавен конкурс не е успешен.

**46. Колку пријавени има на конкурсот за радио на општина Карбинци?**

Одговорот на ова прашање е содржан во одговорот на прашањето бр.45.

**47. Зошто Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски бара уплата од 60.000,00 денари за да се пријавиш на конкурс за радио или телевизија и зошто во минатото се бараше 30.000,00 до 40.000,00 денари, а сега 60.000,00 денари?**

За распишување на јавен конкурс, Агенцијата согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) има активности кои ги утврдува наведениот Закон. За јавниот конкурс треба да се спроведе студија, огласот да се објави во Службен весник на Република Македонија, огласот да се објави во два дневни весника од кои едниот е на македонски јазик, а другиот е на албански јазик, како и други оперативни трошоци кои што

се на товар на Агенцијата. Надоместокот за учество на јавниот конкурс изнесува 50.000,00 денари.

**48. По кој основ ги книжи Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги овие приходи?**

Агенцијата овие средства ги книжи како други приходи.

**49. Дали со барањето на средства од 60.000,00 денари за учество на конкурсот не сте им ја ускратиле можноста на заинтересираните компании или физички лица да се јават на конкурсот?**

Одговорот на ова прашање е содржан во одговорот на прашањето бр.47.

**50. На кои други места оваа година имате распишано конкурс за отворање на радио и телевизија?**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги оваа година има распишано 1 (еден) јавен конкурс, за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на македонски, албански и турски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Гостивар.
Воедно, до 30.03.2016 година траеше рокот за доставување на пријави, по 2 (два) јавни конкурса за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервиси, објавени на ден 29.12.2015 година, и тоа:
- Јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Пласница, кој беше објавен со Одлука Уп1 бр.08-1228 од 29.12.2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр.231/15), и
- Јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко-говорно радио од општ формат, на локално ниво, на подрачјето на општина Карбинци, кој беше објавен со Одлука Уп1 бр.08-1229 од 29.12.2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр.231/15).

**51. Дали овие мали радиостаници при конкурсот ќе Ви доставаат бизнис план за финансиска одржливост на проектот?**

Деловниот план е составен дел од документацијата која се доставува заедно со пријавата.

**52. Што очекувате да добијат руралните заедници од овие мали радио станици?**

Од овие мали радиостаници очекуваме руралните заедници да добијат информации за случувањата во рамките на подрачјето што тие го покриваат, односно информаци за локалните теми, а воедно тие да претставуваат и платформа каде што ќе се отвораат значајни прашања за конкретните проблеми со коишто се среќаваат граѓаните во соодветното подрачје, изнаоѓање начини за нивно надминување и подобрување на квалитетот на животните услови во тоа подрачје.

**53. Дали распишувањето на конкурс на мали радио станици е во склоп на стратегијата и во која точка е тоа споменето?**

Во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија за периодот од 2013 до 2017 година, е наведено дека *„...имајќи предвид дека локалните медиуми треба примарно да водат сметка за потребите на локалната публика, Советот за радиодифузија континуирано го потенцира значењето на локалните информации..."* и дека *„...увидот во програмата на овие медиуми покажува дека само помал број меѓу нив обезбедуваат локални вести"*. За надминување на ваквите состојби, во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, покрај другите е предвидена и мерката *„да се мотивираат медиумите на локално и на регионално ниво да обезбедуваат информации за локални и за регионални теми и настани"*, а за остварување на оваа мерка, предвидено е *„да продолжи практиката при оценувањето на пријавите за доделување дозволи за линеарни сервиси на регионално и локално ниво повисоко да се бодуваат пријавите кои предвидуваат информации за локални и за регионални теми и настани"*. Исто така, во Стратегијата е утврдено и дека треба *„да се стимулира развојот на мултиетнички медиуми"*.

**54. Дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бара уплата на пари и за тендер и за конкурс? И која е разликата?**

Надоместок се плаќа само за учество на јавен конкурс.

**55. Дали новите телевизии и радио станици за кој распишувате конкурс ќе користат нотифицирани мрежи од АЕК или ќе градат нови пунктови?**

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги субјектите можат да добијат дозвола за емитување преку преку ограничен ресурс за што е потребно јавен конкурс, како и дозвола за емитување преку неограничен ресурс без објавување на конкурс. Заинтересираните субјекти мора да одат преку нотифицирана мрежа. Прашањето за нови пунктови е нејасно и не можеме да ви одговориме.

**58. Дали сеуште имате пракса како во минатото да финансирате постдипломски студии, докторски десертации и издавање на книги и други едукативни работи за Вашите вработени?**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2013; 2014; 2015 и 2016 година нема финансирано постдипломски студии, докторски студии и издавање на книги.

Агенцијата редовно врши обуки на своите вработени за конкретни потреби кои се непосредно поврзани со тековното работење, што е во согласност со позитивните законски прописи.

**59. Колку пари во минатото имате потрошено за ова, а колку во 2015 и 2016 година?.**

Во 2013; 2014; 2015 и 2016 година, Агенцијата нема потрошено средства за финансирање на постдипломски студии, докторски студии и издавање на книги.

**60. Дали вашите вработени се со соодветно образование за работното место каде што работат?**

Распоредувањето на вработените во Агенцијата се врши согласно посебните услови за вршење на работите и задачите за работните места кои се утврдени во

Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**61. Дали Законот Ве ограничува колку луѓе да вработите и со каков профил?**

Членот 22 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пропишува дека стручните, нормативно-правните, управните, управно-надзорните, материјално-финансиските, сметководствените, информатичките и другите работи на Агенцијата ги врши стручна служба чија внатрешна организација, делокруг на работа и услови за вработување поблиску се уредуваат со актите за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите, согласно со Законот за работните односи. Во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.01-5204/1 од 26.08.2015 година, подетално е уреден делокругот на работа и условите за вработување во Агенцијата.

**71. Дали владините реклами на Собранискиот канал на МРТ, како оние со туризмот, што во моментот се емитуваат се дозволени?**

Надвор од изборен процес за кој се применуваат одредбите од Изборниот законик, нема законски пречки за рекламирање на Владата.

Со почит,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

Имател на информација
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги,
Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ